ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 2/16
23.01 2020 год.
Скопје

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕМОНТЕРИ НА МИНИ, ГРАНАТИ И ДРУГИ ЕКСПЛОЗИВНИ СРЕДСТВА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

Овие Дополнителни Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 23.01.2020 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување демонтери на мини, гранати експлозивни средства од последици на несреќен случај (во понатамошен текст: Дополнителни услови), се составен дел на договорот за осигурување демонтери на мини, гранати експлозивни средства од последици на несреќен случај (незгода) што договарачот на осигурувањето ќе го склучи со ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД - Скопје (во понатамошен текст: осигурувач).

Договарач може да биде правно и физичко лице.

Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови осигурени се без оглед на нивната здравствена состојба, општата работна способност, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (1) точка 4 од Општите услови освен лицата потполно лишени од деловна способност, кои во секој случај се исклучуваат од осигурувањето.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 2**

Осигурувачот е во обврска ако несреќниот случај настане само за време на обавувањето дејноста за која е склучено осигурувањето.

## ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

**Член 3**

Осигурувањето започнува за секој осигуреник од моментот на почетокот на врешењето на подготвителните работи за демонтирање ,а престанува кога предметот на демонтирање е ставен во таква состојба во која веќе не е опасен.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 4**

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, а доколку нивната содржина е во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

**Член 5**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Марко Микиќ**